Република Северна Македонија
Национална установа
**АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional
**TEATRI SHQIPTAR Shkup**

Бр. 01-21/1
Датум:28.01.2021 година

Врз основа на член 21 став (1) точка 12 од Статутот на НУ Албански театар Скопје бр.0101-263/1 од 02.06.2015 година, а согласно член 77, 77-а и 77-и од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Службен весник на Република Македонија" " бр. 15/2008), член 6 став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Управниот одбор на Националната установа АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје, донесе:

# ПРАВИЛНИК
**за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредува формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување за давателите на јавни услуги вработени во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје.

Член 2

Со овој правилник поблиску се уредува:

- формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, начинот на спроведување на реаудицијата, како и начинот на нивно бодување за давателите на јавни услуги категорија А – уметници; како и
- формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодување за давателите на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата.

Член 3

Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на давателите на јавни услуги во културата кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места.

Член 4

(1) Давателот на јавни услуги може да биде унапреден од пониско на повисоко работно место доколку:

- работното место на кое се унапредува е слободно и за истото е обезбедена согласност за унапредување;
- ги исполнува условите согласно Правилникот за систематизација на работните места;
- да поминал најмалку 6 месеци на работното место од кое се унапредува; и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

(2) Давателот на јавни услуги категорија А – уметници освен условите од став 1 на овој член за да биде унапреден од пониско на повисоко работно место задолжително треба да ја има положено последната спроведена реаудиција.

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ИНТЕРНИОТ ОГЛАС

### II.1. Форма и содржина на интерниот оглас за давателите на јавни услуги категорија А – уметници

Член 5

(1) Постапката за унапредување на даватели на јавни услуги категорија А – уметници започнува со објавување на интерен оглас за спроведување на постапката за унапредување.

(2) Интерниот оглас за спроведување на постапката за унапредување за давателите на јавни услуги категорија А – уметници се објавува на огласната табла во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје и истиот особено ги содржи:

- логото и целосниот назив на НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје;
- основ за објавување на интерниот оглас;
- број на интерниот оглас;
- за секое поединечно работно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители;
- за секое различно работно место во огласот: посебни услови согласно Правилникот за систематизација на работните места;
- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- рок за доставување на пријава за унапредување;
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата за унапредување;
- кратка информација за начинот за спроведување на постапката за селекцијата.

(3) Рокот за пријавување на интерниот оглас не може да биде пократок од пет (5) дена.

### II.2. Форма и содржина на интерниот оглас за давателите на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата

Член 6

(1) Постапката за унапредување на даватели на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата започнува со објавување на интерен оглас за спроведување на постапката за унапредување.

(2) Интерниот оглас за спроведување на постапката за унапредување за наведените категории се објавува на огласната табла во НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје и истиот особено ги содржи:

- логото и целосниот назив на НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје;
- основ за објавување на интерниот оглас;
- број на интерниот оглас;
- за секое поединечно работно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители;
- за секое различно работно место во огласот: посебни услови согласно Правилникот за систематизација на работните места;
- за секое различно работно место во огласот: распоред на работното време; почеток и завршеток на дневното и неделното работно време;
- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- рок за доставување на пријава за унапредување;
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата за унапредување;
- кратка информација за начинот за спроведување на постапката за селекцијата и интервју.

(3) Рокот за пријавување на интерниот оглас не може да биде пократок од пет (5) дена.

## III. ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРИЈАВАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ

### III.1. Формата и содржината на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги категорија А - уметници

Член 7

Пријавата за унапредување за давателите на јавни услуги категорија А – уметници содржи:

- број на интерниот оглас;
- реден број на работно место во огласот;
- лични податоци на кандидатот;
- изјава дека ги исполнува условите за работно место за кое се пријавува;
- кратко мотивациско писмо;
- датум на поднесување; и
- потпис на кандидатот.

**III.2. Формата и содржината на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата**

Член 8

Пријавата за унапредување за давателите на јавни услуги категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата содржи:

- број на интерниот оглас;
- реден број на работно место во огласот;
- лични податоци на кандидатот;
- изјава дека ги исполнува условите за работно место за кое се пријавува;
- кратко мотивациско писмо;
- датум на поднесување; и
- потпис на кандидатот.

## IV. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИЈАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ

**IV.1 Начин на спроведување на селекцијата за унапредување на давателите на јавни услуги категорија А - уметници**

Член 9

(1) За спроведување на постапката за унапредување на давател на јавни услуги категорија А - уметници, Дирекоторот на со решение формира Комисија за селекција за унапредување на даватели на јавни услуги (во понатамошен текст: Комисијата).

(2) Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од три (3) члена, претседател и двајца членови, како и нивни заменици.

(3) Комисијата е составена од даватели на јавни услуги на работно место од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на работното место кое се пополнува преку постапка за унапредување.

(4) По исклучок од став 3 на овој член, доколку нема доволен број на даватели на јавни услуги од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на работното место кое се пополнува преку постапка за унапредување, за членови на Комисијата се одредува/ат вработен/и од непосредно пониско ниво од местото кое се пополнува.

Член 10

(1) Постапката за селекција за унапредување на даватели на јавни услуги категорија А - уметници се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за унапредување, проверка за исполнување на условите утврдени во интерниот оглас врз основ на изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати и нивно бодување.

(2) Комисијата во рок од петнаесет (15) дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидатите ги разгледува пријавите за унапредување со

доставените докази и другите потребни докази со цел да се направи проверка дали кандидатите ги исполнуваат условите за унапредување.

(3) За кандидатите за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката за селекција завршува.

(4) По завршувањето на селекцијата Комисијата во рок од осум (8) дена составува записник кој задолжително содржи:

- список со име и презиме на кандидати кои не ги исполнуваат условите по објавениот оглас; и
- список со име и презиме на кандидати кои ги исполнуваат условите и за кои ќе се изврши бодување.

(5) Кон записникот за секое различно работно место од огласот Комисијата доставува финална ранг листа и му предлага на Директорот да донесе одлука за избор на прворангираниот кандидат.

(6) Во рок од пет (5) дена од доставувањето на предлогот за избор на кандидат, Директорот донесува одлука за избор која се објавува на огласната табла на установата.

(7) Кандидатите кои се пријавиле на огласот се известуваат за донесената одлука.

(8) Против одлуката на Директорот, незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена од приемот на известувањето да поднесе жалба до Управниот одбор на установата.

(9) Управниот одбор во рок од осум (8) дена од приемот на жалбата истата може:

- да ја отфрли како нецелосна, ненавремена или недозволена;
- да ја одбие како неоснована и да потврди одлуката на Директорот; или
- да ја усвои жалбата, да ја укине одлуката на Директорот и предметот да го врати на повторно разгледување и одлучување.

(10) Одлуката на Управниот одбор со која жалбата на незадоволниот кандидат се отфрла како нецелосна, ненавремена или недозволена и одлуката со која жалбата на незадоволниот кандидат се одбива како неоснована и се потврдува одлуката на Директорот е конечна.

(11) Во рок од три (3) дена од конечноста на одлуката за избор на кандидат за унапредување, Директорот носи решение за унапредување на повисоко ниво на работно место.

### IV.2 Начин на спроведување на селекцијата за унапредување на давателите на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата

Член 11

(1) За спроведување на постапката за унапредување на давател на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни

соработници во дејности од областа на културата, Дирекоторот со решение формира Комисија за селекција за унапредување на даватели на јавни услуги (во понатамошен текст: Комисијата).

(2) Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од три (3) члена, претседател и двајца членови, како и нивни заменици.
Комисијата е составена од раководни вработени во установата и/или од даватели на јавни услуги на работно место на исто или повисоко ниво од работното место кое се пополнува преку постапка за унапредување.

(3) По исклучок од став 3 на овој член, доколку нема раководни вработени и/или даватели на јавни услуги на исто или повисоко ниво како работното место кое се пополнува преку постапка за унапредување, комисијата ја сочинуваат кои било тројца од редот на вработените.

Член 12

(1) Постапката за селекција за унапредување на даватели на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за унапредување, проверка на доказите за исполнување на условите утврдени во интерниот оглас вклучувајќи ги и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати, интервју и нивно бодување.

(2) Комисијата во рок од петнаесет (15) дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидатите ги разгледува пријавите за унапредување со доставените докази и другите потребни докази со цел да се направи проверка дали кандидатите ги исполнуваат условите за унапредување.

(3) За кандидатите за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката за селекција завршува.

(4) По завршувањето на селекцијата Комисијата во рок од осум (8) дена составува записник кој задолжително содржи:

- список со име и презиме на неуредни и уредни кандидати и причина за неуредност на кандидатите;
- список со име и презиме на уредните кандидати кои продолжуваат на интервју; и
- ден и час на одржување на интервјуто.

(5) Интервјуто се закажува најдоцна три (3) дена по извршената селекција. Денот, часот и местото на одржување на интервјуто се објавува на огласната табла на установата, а кандидатите се известуваат поединечно.

(6) На интервјуто се поставуваат прашања во усна форма од општи работни компетенции и прашања од посебни работни компетенции.

(7) Интервјуто го води претседателот на Комисијата кој обезбедува еднаков и фер однос кон сите кандидати.

(8) По завршување на интервјуто Комисијата составува записник кој содржи список на кандидати со кои е спроведено интервју и освоени бодови од интервјуто.

(9) Врз основ на вкупните бодови освоени од страна на кандидатите, Комисијата за секое различно работно место од огласот составува финална ранг листа и му предлага на Директорот да донесе одлука за избор на прворангираниот кандидат.

(10) Во рок од пет (5) дена од доставувањето на предлогот за избор на кандидат, Директорот донесува одлука за избор која се објавува на огласната табла на установата.

(11) Кандидатите кои се пријавиле на огласот се известуваат за донесената одлука.

(12) Против одлуката на Директорот, незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена од приемот на известувањето да поднесе жалба до Управниот одбор на установата.

(13) Управниот одбор во рок од осум (8) дена од приемот на жалбата истата може:
- да ја отфрли како нецелосна, ненавремена или недозволена
- да ја одбие како неоснована и да потврди одлуката на Директорот; или
- да ја усвои жалбата, да ја укине одлуката на Директорот и предметот да го врати на повторно разгледување и одлучување.

(14) Одлуката на Управниот одбор со која жалбата на незадоволниот кандидат се отфрла како нецелосна, ненавремена или недозволена и одлуката со која која жалбата на незадоволниот кандидат се одбива како неоснована и се потврдува одлуката на Директорот е конечна.

(15) Во рок од три (3) дена од конечноста на одлуката за избор на кандидат за унапредување, Директорот носи решение за унапредување на повисоко ниво на работно место.

## V. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕАУДИЦИЈА

Член 13

(1) Постапката за реаудиција се спроведува за давателите на јавни услуги категоријата А – уметници на секои три години.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, за уметниците од категоријата А кои имаат 10 години до остварување на право на пензија не се спроведува постапка за реаудиција.

Член 14

(1) Постапката за реаудиција ја спроведува комисија формирана од Директорот која е составена од пет члена, од редот на истакнати уметници, од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за реаудиција.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, доколку нема доволен број на истакнати уметници од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за реаудиција, за членови на комисија се одредуваат истакнати уметници од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за реаудиција од друга установа.

Член 15

(1) Реаудицијата се закажува најмалку осум (8) дена пред нејзиното одржување.

(2) Давателите на јавни услуги категорија А – уметници, кои подлежат на реаудиција, а кои настапуваат во изведби кои се на репертоарот на установата во периодот кога се одржува реаудуцијата, комисијата за реаудиција ќе ги оценува во текот на изведбата на претставата.

(3) За давателите на јавни услуги категорија А – уметници, кои подлежат на реаудиција, а кои не настапуваат во изведби кои се на репертоарот на установата во периодот кога се одржува реаудуцијата, се спроведува реаудиција на следниот начин:

- еден монолог; или
- зададен материјал – драмска литература.

Член 16

(1) По одржување на реаудицијата Комисијата доставува Записник за спроведената реаудиција што задолжително содржи одделно мислење за секој уметник.

(2) Директорот на предлог на Комисијата во рок од пет (5) дена донесува решение со кое се утврдува дали уметникот ја положил односно не ја положил реаудицијата.

(3) Уметникот кој ја положил реаудицијата во рок од 30 дена од денот на завршувањето на реаудицијата, со решение се распоредува на истото работно место, односно може да се распореди на повисоко работно место доколку ги исполнува условите по спроведена постапка за унапредување и доколку се обезбедени финансиски средства за истата.

(4) Уметникот кој не ја положил реаудицијата со решение се распоредува на истото работно место и е должен во рок од шест месеци да полага нова реаудиција.

(5) Доколку и по втор пат не ја положи реаудицијата во рок од 30 дена уметникот со решение се распоредува на друго пониско работно место во установата соодветно на неговото образование.

(6) Во случајот од ставот 5 на овој член за уметникот кој е распореден на пониско работно место во рок од шест месеци се организира повторна реаудиција.

(7) Доколку и по трет пат не ја положи реаудицијата, Директорот донесува решение за престанок на работниот однос. Доколку ја положи реадуцијата со решение се распоредува на работното место на кое бил пред полагањето на првата реаудиција.

(8) Уметникот во рок од осум (8) дена од денот на приемот на решението од ставовите 3, 4, 5 и 6 на овој член има право на приговор до Управниот одбор на установата.

(9) Управниот одбор одлучува во врска со приговорот во рок од осум (8) дена од денот на приемот на приговорот.

(10) Против одлуката на Управниот одбор може да се изјави тужба до надлежен суд. Тужбата не го одлага извршувањето.

## VI. НАЧИН НА БОДУВАЊЕ

### VI.1. Начин на бодување во постапка за унапредување на давателите на јавни услуги категорија А – уметници

Член 17

(1) По проверка на внесените податоци во пријавата за унапредување, проверка за исполнување на условите утврдени во интерниот оглас врз основ на изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати, Комисијата пристапува кон бодување на кандидатите кои ги исполнуваат условите по интерниот оглас.

(2) Кандидатот може да добие вкупно 30 бодови, од кои:

- 0 до 10 бодови за оценката за ефектот во последните 3 години;
- 0 до 10 бодови за придонесот за творечкиот успех на матичната сцена; и
- 0 до 10 бодови за индивидуалниот континуиран развој.

### VI.2. Начин на бодување во постапка за унапредување на давателите на јавни услуги: категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата

Член 18

(1) По проверка на внесените податоци во пријавата за унапредување, проверка на доказите за исполнување на условите утврдени во интерниот оглас вклучувајќи ги и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати и извршеното интервју, Комисијата пристапува кон бодување на кандидатите кои ги исполнуваат условите по интерниот оглас.

(2) Кандидатот може да добие вкупно 20 бодови, од кои:

- 0 до 10 бодови за оценката за ефектот во последните 3 години;
- 0 до 10 бодови за интервјуто, од кои 0-5 бодови за прашања од општи работни компетенции и 0-5 бодови прашања од посебни работни компетенции.

Член 19

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Управен Одбор

Теута Аџини Јегени
Teuta Ajdini Jegeni

| **ПРИЈАВА на Интерен оглас за унапредување**<br>**FLETËPARAQITJE në Shpalljen interne për avancim** | |
|---|---|
| ПОДАТОЦИ ЗА ОГЛАСОТ за унапредување/ TË DHËNA PËR SHPALLJEN për avancim | |
| Број на оглас/ Numri i shpalljes: | |
| Реден број на работно место во огласот за кое се пријавувате:<br>Numri rendor i vendit të punës për të cilin paraqiteni: | |
| ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ / TË DHËNA PERSONALE | |
| Име и презиме/ Emri dhe mbiemri: | |
| ЕМБГ/NUPQ: | |
| ИЗЈАВА дека ги исполнува условите / DEKLARATË për plotësimin e kushteve | |
| Дали сте над 6 месеци на постоечкото работно место?<br>A jeni mbi 6 muaj në vendin aktual të punës? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| Дали Ви е изречена дисциплинска мерка во последните 12 месеци?<br>A u është shqiptuar masë disciplinore në 12 muajt e fundit? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| Дали го исполнувате посебниот услов бр.1 од огласот?<br>A e plotësoni kushtin e veçantë nr.1 nga shpallja? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| Дали го исполнувате посебниот услов бр.2 од огласот?<br>A e plotësoni kushtin e veçantë nr.2 nga shpallja? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| Дали го исполнувате посебниот услов бр.3 од огласот?<br>A e plotësoni kushtin e veçantë nr.3 nga shpallja? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| Дали го исполнувате посебниот услов бр.4 од огласот?<br>A e plotësoni kushtin e veçantë nr.4 nga shpallja? | ☐ Да/Po ☐ Не/Jo *означете со X/shënoni me X* |
| | |
| | |
| Кратко мотивациско писмо:<br><br>Letër motivimi: | |

| | |
|---|---|
| | |
| Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни.<br><br>Deklaroj nën përgjegësi morale, materiale dhe penale se të dhënat e shënuara në fletëparaqitjen për punësim janë autentike. | |
| | |
| Датум на пријавување:<br>Data e paraqitjes: | |
| Потпис на кандидатот:<br>Nënshkrimi i kandidatit: | |

**Начин на бодување во постапката за унапредување**
**за даватели на јавни услуги категорија А – уметници**

| | | Добиени бодови |
|---|---|---|
| 1. | Оценка за ефектот во последните 3 години | (0-10) |
| 2. | Придонес за творечкиот успех на матичната сцена | (0-10) |
| 3. | Индивидуален котинуиран развој | (0-10) |
| **Вкупно бодови** | | **(0-30)** |

**Начин на бодување во постапката за унапредување**
**за даватели на јавни услуги категорија категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, категорија В - стручни сценски работници и категорија Г - стручни соработници во дејности од областа на културата**

| | | |
|---|---|---|
| **А.** | | |
| 1. | Оценка за ефектот во последните 3 години | (0-10) |
| **Б.** | Интервју | |
| 1. | Прашања за општите компетенции | (0-5) |
| 2. | Прашања за посебните компетенции | (0-5) |
| Вкупно бодови под Б | | (0-10) |
| **Вкупно бодови (А +Б)** | | **(0-20)** |